 Деновиве во Музејот на град Неготино се одржа концерт на ПИЈАНО ТРИО во состав:- Весна Ангелова Христов-пијано, Момчило Куфојанакис-виолина и Марјан Ивановски-виолончело, а по повод одбележувањето на 250 години од раѓањето на Лудвиг Ван Бетовен (1770-1927), подржан од страна на Министерството за култура на РСМ.
Програма: БАГАТЕЛИ оп.119 (избор)
Л.В.Бетовен ПИЈАНО ТРИО оп.1. бр.1
Allegro
Adagio Cantabile
Scherzo-Allegro Assai
Finale-Presto
Циклусите „Багатели“, иако мал дел од неговиот опус, претставуваат своевиден лирски дневник на овој автор. Багатела претставува мала инструментална пиеса. За прв пат називот е искористен за циклус пиеси на Ф. Купрен. Багателата како вид на лирска пиеса е особено развиена од Лудвиг Ван Бетовен.
Концертот се одржа според протоколот  за заштита од КОВИД-19 со ограничен број на посетители, одржување дистанца, дезинфекција на раце и задолжително носење заштитна маска.

